# О Д Л У К А

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка
ограничена за распределба на акционерите

Скопје, февруари, 2024

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399/04.03.2020, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 28.03.2024, донесе

**О Д Л У К А**

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка
ограничена за распределба на акционерите

**Член 1**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобрува прераспределбата на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, во вкупен износ од 2.460.000.000,00 денари.

**Член 2**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука не е расположлив во иднина за исплата на дивиденда на акционерите (ограничена за распределба на акционерите) и како таков, во согласност со релевантната важечка регулатива на Народната Банка на Република Северна Македонија, има третман на основен капитал на Стопанска банка АД - Скопје.

**Член 3**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука ја вклучува распределената акумулирана добивка согласно Одлуките за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје во вкупен износ од 2.460.000.000,00 денари.

**Член 4**

Образложението е интегрален дел од оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе стапи на сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.
28.03.2024
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на своите годишни седници одржани во претходните години, донесе релевантни одлуки за распределба на добивка, со кои акционерите распоредија дел од добивката во акумулирана добивка.

Со приложената Одлука се предлага акумулираните добивки од претходните години во износ од 2.460.000.000,00 денари да се прераспределат во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите). Наведеното е во согласност со одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот (Службен весник на РСМ бр. 47/12...27/24) .

Горенаведеното е со цел да обезбеди коефициентот на адекватност на капитал да биде усогласен со регулативните барања пропишани од страна на Народната банка на Република Северна Македонија. Воедно, наведеното ќе биде во поддршка на Деловниот план на Банката во следниот период. Дополнително, ова ќе го зајакне основниот капитал на Банката преку прераспределба на акумулираната добивка во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) и ќе служи како основа за поддршка на деловните и развојните цели на Банката.

Во согласност со горенаведеното се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, да ја донесе Одлуката за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, како што е предложено.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**